| 464 | Разни трансфери | 0 | 0 | 0 | 0,000 |
| 464990 | Други трансфери | 0 | 0 | 0 | 0,000 |
| **WA0** | **ПРОТИВПОЖАРНА ЗАшТИТА (КАПИТАЛНИ ТРОшОЦИ)** | **0** | **0** | **0** | **0,000** |
| **48** | **КАПИТАЛНИ РАСХОДИ** | **0** | **0** | **0** | **0,000** |
| 480 | Купување на опрема и маШини | 0 | 0 | 0 | 0,000 |
| 480190 | Купување на друга опрема | 0 | 0 | 0 | 0,000 |

**Прилог 2 - Образец К2**

## Квартален извештај за доспеани ненамирени обврски

Општина: Велес
Квартал: Прв квартал 2023

| | Обврски до 30 дена | Обврски до 60 дена | Обврски над 60 дена | | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | утужени | неутужени | Вкупно | |
| јануари | 6.809.795 | 7.015.353 | | 18.924.199 | **18.924.199** | **32.749.347** |
| февруари | 6.308.173 | 2.493.562 | | 19.970.945 | **19.970.945** | **28.772.680** |
| март | 2.387.871 | 526.836 | | 17.978.945 | **17.978.945** | **25.301.652** |
| април | | | | | 0 | 0 |
| мај | | | | | 0 | 0 |
| јуни | | | | | 0 | 0 |
| јули | | | | | 0 | 0 |
| август | | | | | 0 | 0 |
| септември | | | | | 0 | 0 |
| октомври | | | | | | |
| ноември | | | | | 0 | 0 |
| декември | | | | | 0 | 0 |

| расходна ставка | Вкупно обврски |
|---|---|
| 401 | |
| 402 | |
| 403 | |
| 411 | |
| 412 | |
| 413 | |
| 420 | |
| 421 | 4.392.188 |
| 423 | 458.949 |
| 424 | 218.516 |
| 425 | |
| 426 | 1.440.799 |
| 427 | |
| 432 | |
| 433 | |
| 451 | |
| 452 | |
| 453 | |
| 461 | |
| 462 | |
| 463 | |
| 464 | 15.299.334 |
| 471 | |
| 472 | |
| 473 | |
| 480 | 650.911 |
| 482 | 2.840.955 |
| 485 | |
| 492 | |
| 493 | |
| **Тотал** | **25.301.652** |

Образложение:

Во м.01 има вкупно 32.749 ден. вкупно доспеани обврски. Дел од овие обврски се платени во м. 02/2023 год. Во 02/2023 вкупните доспеани обврски изнесуваат 28.772.680 ден. Од нив 6.308.173 ден. се доспеани обврски до 30 дена, 2.493.562 ден. се доспеани обврски до 60 дена, а 19.970.945 ден. се доспеани обврски над 60 дена.Најголем дел од обврските произлегуваат од извршената работа на ЈКП Дервен (за чистење на улици, одржување на градско зеленило, неплатени сметки за електрична енергија и др.) Во м.03/2023 год вкупните доспеани обврски изнесуваат 25.301.652 ден. Дел од нив ќе бидат платени во м. 04/2023 год..

**Бр.447**
Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 03/09, 18/10, 15/14, 15/18,06/19 и 08/21),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување Одлука за проширување на средствата на**
**Буџетот на Општина Велес за 2023 година**

Се објавува Одлуката за проширување на средствата на Буџетот на Општина Велес за 2023 година, што Советот на Општина Велес ја донесе на седницата одржана на 26.05.2023 година.

Број 08-2572/2
30.05.2023 година
Велес

Градоначалник
на Општина Велес
Марко Колев с.р

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локалната самоуправа (Службен весник на РМ бр.5/2002 год), а во врска со член 34 од Законот за буџети ( Службен весник на РМ бр.64/2005, 04/2008, 156/2009, 95/2010, 180/2011, 171/2012, 192/2015, 167/2016 год.) по предлог на Градоначалникот на Општина Велес,
Советот на Општина Велес на 35. седница,одржана на 26.05.2023 година, донесе:

# О Д Л У К А

За проширување на средствата на Буџетот на Општина **Велес**
За **2023** година

**Член 1**

Со оваа одлука се врши проширување на средствата на Буџетот на Општина Велес за 2023 година, на следниот начин :

| Потпрограма Потставка | | САМОФИНАН. | ДОТАЦИИ | ДОНАЦИИ | КРЕДИТИ |
|---|---|---|---|---|---|
| Се зголемуваат приходите на следните потставки : | | | | | |
| 742114 | Приходи од европската унија | 0 | 0 | 915.000 | 0 |
| | | **0** | **0** | **915.000** | **0** |
| и се распредуваат на следните расходни потставки : | | | | | |
| **GA0** | **ИЗГРАДБА НА КОМЕРЦИЈАЛНИ ОБЈЕКТИ** | | | | |
| 482920 | Изградба на други објекти | 0 | 0 | 915.000 | 0 |
| | | **0** | **0** | **915.000** | **0** |

25-2554/3
29.05.2023
В е л е с

Претседател на Советот на Општината,
**Зоран Бутков**

**Бр.448**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 03/09, 18/10, 15/14, 15/18,06/19 и 08/21),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување Одлука за изменување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Велес за 2023 година**

Се објавува Одлуката за изменување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Велес за 2023 година, што Советот на Општина Велес ја донесе на седницата одржана на 26.05.2023 година.

Број 08-2572/3
30.05.2023 година
Велес

Градоначалник
на Општина Велес
Марко Колев с.р

Врз основа на член 36, став 1, точка 2 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на Р.М.” бр.5/02), член 23 став 8 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа (“Службен весник на Р.М.” бр. 61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11, 192/15 и 209/18 и Службен весник на РСМ бр.244/19) и член 45, став 1, од Статутот на Општина Велес (“Службен гласник на Општината Велес” бр.12/06,3/09,18/10,15/14 и 15/18, 06/19 и 08/21),а по предлог на Градоначалникот

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 26.05.2023 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за изменување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Велес за 2023 година**

**Член 1**

Во Одлуката заизвршување на Буџетот на Општина Велес за 2023 година („Сл.гласник на Општина Велес“ бр.22/22) се врши следното изменување:

текстот во член 10, став 1 алинеја 1 се брише во целост и се заменува со следниот текст:

,,Коефициентот за исплата на плата на Градоначалникот е утврден согласно закон кој изнесува 3,2, а основицата за пресметување на платата е просечната исплатена месечна плата по вработен во Републиката за претходната година според податоците на Државен завод за статистика.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Велес", а важи за период од 23.03.2023 година .

Број 25-2554/4
29.05.2023 година
Велес

Претседател
на Советот на Општина Велес
Зоран Љутков с.р

**Бр.449**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 03/09, 18/10, 15/14, 15/18,06/19 и 08/21),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување Заклучок за донесување изменување и дополнување на Буџетски календар за 2023 година**

Се објавува Заклучокот за донесување изменување и дополнување на Буџетски календар за 2023 година, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 26.05.2023 година.

Број 08-2572/4
30.05.2023 година
Велес

Градоначалник
на Општина Велес
Марко Колев с.р

Врз основа на член 27, став 4 и 5 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа („Сл.весник на РМ” бр.61/04; 96/04; 67/07; 156/09; 47/11; 192/15 и 209/18 и ,,Службен весник на РСМ” број 244/19; 53/21; 77/21, 150/21 и 173/22), член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Сл.гласник на Општина Велес“ бр.12/06; 03/09; 18/10; 15/14; 15/18, 06/19 и 08/21), по предлог на Градоначалникот

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 26.05.2023 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за донесување изменување и дополнување на Буџетски календар за 2023 година**

1.Советот на Општина Велесго донесе изменувањето и дополнувањето на Буџетскиот календар за 2023 година.

2.Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавување во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 25-2554/5
29.05.2023 година
Велес

Претседател
на Советот на Општина Велес
Зоран Љутков с.р

Врз основа на член 27, став 4 и 5 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа („Сл.весник на РМ” бр.61/04; 96/04; 67/07; 156/09; 47/11; 192/15 и 209/18 и ,,Службен весник на РСМ” број 244/19; 53/21; 77/21, 150/21 и 173/22), член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Сл.гласник на Општина Велес“ бр.12/06; 03/09; 18/10; 15/14; 15/18, 06/19 и 08/21), по предлог на Градоначалникот,

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 26.05.2023 година, донесе:

**ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕНА БУЏЕТСКИ КАЛЕНДАР на Општина Велес за 2023 година**

**Точка 1.**Во усвоениот буџетски календар за 2023 година објавен во Службен гласник на Општина Велес бр.3/22, согласно насоките на Министерството за финансии, се врши следното изменување и дополнување:

- Во преамбулата се додава новиот член од Законот за финансирање на ЕЛС 173/22;
- Првите три редови се бришат;
- Седмиот ред се заменува со прв и буџетските активности започнуваат во септември;
- Понатаму, временскиот рок април-мај се заменува со рок најдоцна септември и се додава зборот насоки во буџетските активности;
- Временскиот период мај-јуни се заменува со рок најдоцна октомври;
- Во 15-ти (сегашен 12-ти) ред во буџетски активности се додава „до советот на општината”

| Временска рамка | **Буџетски активности** | **Одговорност** |
|---|---|---|
| *септември* | **Министерот за финансии го доставува буџетскиот циркулар до општините (најдоцна до 30.09.)** | Законот за буџети (Сл.весник бр.64/05; 4/08; 103/08; 156/09; 95/10; 180/11; 171/12; 192/15 и 167/16, член 21) Законот за финансирање на ЕЛС (Сл.весник 61/04; 96/04; 67/07; 156/09; 47/11; 192/15 и 209/18 и Сл.весник на РСМ број 244/19; 53/21; 77/21 и 150 /21 член 27, став 1 и 2) |
| *најдоцна септември* | Градоначалникот подготвува препораки /насоки за подготовка на финансиски планови и ги поднесува до корисниците на општинскиот буџет | Градоначалник.<br>Закон за финансирање на ЕЛС (Сл.весник бр. 61/04;96/04;67/07;156/09;47/11; 192/15 чл.19 став 3) |
| *најдоцна октомври* | Општинските буџетски корисници ги доставуваат нивните финансиски планови (заедно со објаснувањата за одделните износи по позиции) | Буџетски корисници |
| *октомври* | Градоначалникот и Одделението за финансиски прашања се состануваат, за да ги одредат приоритетите и одредниците на буџетот за наредната година | Градоначалник, Одделение за финансиски прашања |
| *октомври* | Буџетските информации се доставуваат до Оделенијата во Општината, заедно со упатствата за основните насоки и препораки од Градоначалникот | Одделение за финансиски прашања |
| *октомври* | Проценките на трошоците за наредната буџетска година се враќаат во Одделението за финансиски прашања од останатите одделенија и сектори | Раководители на сектори Раководители на одделенија |
| *октомври* | **а**. Се собираат буџетските барања<br>**б**.Барањата се анализираат,усогласуваат и поднесуваат до Градоначалникот<br>**в**. Се изготвува билансот на приходи<br>**г.** Се изготвува билансот на расходи | Одделение за финансиски прашања |

| | | |
|---|---|---|
| *октомври* | Градоначалникот на општината подготвува предлог на план на програми за развој усогласен со насоките од Циркуларот и истиот го доставува на одобрување до Советот на општината најдоцна до 20 октомври во тековната година | Градоначалник, Раководители на сектори, Раководители на одделенија |
| *октомври - ноември* | Советот на општината го одобрува предлогот на планот на програмите за развој најдоцна до 15 ноември во тековната година. Одобрениот план на програмите за развој е составен дел на предлогот на буџетот на општината | Совет на Општина |
| *најдоцна ноември* | Одделението за финансиски прашања, ги анализира барањата од буџетските корисници и го известува Градоначалникот за основните параметри (зголемени или намалени барања) | Одделение за финансиски прашања |
| *ноември - декември* | Градоначалникот го разгледува и одобрува Предлог-буџетот подготвен од страна на Одделението за финансиски прашања | Градоначалник |
| *декември* | Се доставува Предлог -буџет од страна на Градоначалникот до Советот на општината | Градоначалник |
| *декември* | Се води расправа во телата на Советот на Општината | Комисија за финансирање и буџет |
| *крај на декември* | Советот на Општината го усвојува буџетот за наредната година (најдоцна до 31 декември) | Совет на Општина |
| *јануари* | Започнува новата буџетска година | |

2. Изменувањето и дополнувањето на Буџетскиот календар за 2023 година влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 25-2554/5
29.05.2023 година
Велес

Претседател
на Советот на Општина Велес
Зоран Љутков с.р

**Бр.450**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 03/09, 18/10, 15/14, 15/18,06/19 и 08/21),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување Одлука за прифаќање на донација од Еко–Мар Инжинеринг ДООЕЛ Битола**

Се објавува Одлуката за прифаќање на донација од Еко–Мар Инжинеринг ДООЕЛ Битола, што Советот на Општина Велес ја донесе на седницата одржана на 26.05.2023 година.

Број 08-2572/5
30.05.2023 година
Велес

Градоначалник
на Општина Велес
Марко Колев с.р

Врз основа на член7 од Законот за донации и за спонзорства во јавните дејности („Службен весник на Република Македонија“ бр.47/06,86/08,51/11,28/14 и 153/15), член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02), и член 45,став 1 од Статутот на Општина Велес,(„Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06,3/09,18/10 и 15/14, 15/18, 06/09 и 08/21),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 26.05.2023 година донесе,

**О Д Л У К А**
**за прифаќање на донацијаод Еко–Мар Инжинеринг ДООЕЛ Битола**

**Член 1**

Со оваа Одлука, Општина Велес ја прифаќа донацијата од давателот на донација Еко–Мар Инжинеринг ДООЕЛ Битола со седиште на ул.„Јоргов Камен“ бр.11 Битола, на Основен проект за реконструкција на дел од улиците:”Петре Прилчко,”Кресненско востание, и ”Нада Бутникошарова, во Општина Велес, со технички број 07/23, Април 2023 година, изработен од страна на проектантско друштво Еко–Мар Инжинеринг ДООЕЛ Битола со седиште на ул.„Јоргов Камен“ бр.11 Битола и завршен ревидентски извештај од извршена стручна контрола Р-04-03/2023, април 2023 година, на Основен проект за реконструкција на дел од улиците:”Петре Прилчко,”Кресненско востание, и ”Нада Бутникошарова, во Општина Велес, со технички број 07/23, Април 2023 година, изработен од ревидент Друштво за градежништво и консултантски услуги Аква Инженеринг ДОО-Скопје со седиште на ул.„Ленинова“бр.21-13, Скопје.

Донацијата е со вредност од 155.000,00 денари.

**Член 2**

За донацијата на основниот проект и ревидентскиот извештај ќе биде склучен посебен договор помеѓу Градоначалникот на Општина Велес и давателот на донацијата Еко–Мар Инжинеринг ДООЕЛ Битола со седиште на ул.„Јоргов Камен“бр.11 Битола, согласно Законот за донации и за спонзорства во јавните дејности.

**Член 3**

По склучување на договорот за донација со давателот на донацијата, Општина Велес ќе го добие во владение Основниот проект за реконструкција на дел од улиците:”Петре Прличко,,”Кресненско востание,, и ”Нада Бутникошарова, во Општина Велес, со технички број 07/23, Април 2023 година и завршниот ревидентски извештај од извршена стручна контролаР-04-03/2023,април 2023 година.

Општина Велес како инвеститор по прибавување на потребната документација согласно Законот за градење, во информацискиот систем Е-одобрение за градење, ќе поднесе барање за издавање на решение за реконструкција на дел од улиците:”Петре Прличко,,”Кресненско востание,и ”Нада Бутникошарова, во Општина Велес.

**Член 4**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 25-2554/6
29.05.2023 година
Велес

Претседател
на Советот на Општина Велес
Зоран Љутков с.р

**Бр.451**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 03/09, 18/10, 15/14, 15/18,06/19 и 08/21),
Градоначалникот на Општина Велес донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување Одлука за давање на трајно користење движни ствари – специјализирани возила за машинско метење на улици на ЈКП „Дервен“ Велес**

Се објавува Одлуката за давање на трајно користење движни ствари – специјализирани возила за машинско метење на улици на ЈКП „Дервен“ Велес, што Советот на Општина Велес ја донесе на седницата одржана на 26.05.2023 година.

Број 08-2572/6
30.05.2023 година
Велес

Градоначалник
на Општина Велес
Марко Колев с.р

Врз основа на член 50 став 1 точка 6 и точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.05/2002), а во врска со Договор за набавка на специјализирани возила за машинско метење на улици бр.05-1295/12 од 04.04.2023 година и член 30 и член 45 став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.2/06, 3/09, 18/10, 15/14, 15/18, 06/19 и 08/21), а по предлог на Градоначалникот на Општина Велес

Советот на Општина Велес на седница одржана на ден 26.05.2023 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за давање на трајно користење движни ствари - специјализирани возила за машинско метење на улици на ЈКП ,,Дервен”Велес**

**Член 1**

Со оваа одлука, Општина Велес дава на трајно користење движни ствари - специјализирани возила за машинско метење на улици на ЈКП ,,Дервен”Велес, со следните карактеристики:

Машината да биде наменета за надворешна употреба,

Принцип на чистење – вакумски

Пречник на отвор за вшмукување, најмалку 190 mm

Минимален број на четки за чистење – 2

Капацитет на простор за собирање на отпад, најмалку 250 литри,

Капацитет на резервоар за вода, најмалку 65 литри

Максимална брзина на вентилаторот за вшмукување од најмалку 2500 rpm

Дополнително странично црево за вшмукување на отпад со должнина од најмалку 2000 mm.

**Димензии:**

Минимална ширина 950 mm

Минимална должина 2700 mm

Минимална ширина на чистење 1150 mm.

**Погон и мотор**

Електричен погон

Тип на батерија, Li-Ion

Со едно полнење машината да издржува најмалку 8 часовна работна смена

Максимална транспортна брзина, најмалку 12 км/час

Максимална брзина при чистење/метење најмалку 8 км/час

Број на седишта за оператор, минимум 1

**Член 2**

Вредноста на движните ствари - специјализирани возила за машинско метење на улици е со вкупен износ од 3.599.944,00 денари со вклучен ДДВ.

**Член 3**

Со цел регулирање на меѓусебните права и обврски, а во врска со давањето на движните ствари од член 1 на оваа одлука, Советот на Општина Велес го овластува Градоначалникот да склучи Договор со ЈКП ,,Дервен“ Велес.

**Член 4**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен Гласник на Општина Велес“.

Број 25-2554/7
29.05.2023 година
Велес

Претседател
на Советот на Општина Велес
Зоран Љутков с.р

**Бр.452**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 03/09, 18/10, 15/14, 15/18,06/19 и 08/21),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување Одлука за дополнување на Одлуката за финансиско учество во проект „Подобрување на инфраструктурата поврзана со туризмот и спортот, преку реконструкција на паркови и изградба на спортски центри во општините Велес, Свети Николе и Росоман“**

Се објавува Одлуката за дополнување на Одлуката за финансиско учество во проект „Подобрување на инфраструктурата поврзана со туризмот и спортот, преку реконструкција на паркови и изградба на спортски центри во општините Велес, Свети Николе и Росоман“, што Советот на Општина Велес ја донесе на седницата одржана на 26.05.2023 година.

Број 08-2572/7
30.05.2023 година
Велес

Градоначалник
на Општина Велес
Марко Колев с.р

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02) и член 45 став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 3/09, 18/10, 15/14, 15/18, 6/19 и 8/21), а по предлог на Градоначалникот

Советот на Општина Велес на седницата одржана на ден 26.05.2023 година, донесе

**ОДЛУКА**
**за дополнување на Одлуката за финансиско учество во проект „Подобрување на инфраструктурата поврзана со туризмот и спортот, преку реконструкција на паркови и изградба на спортски центри во општините Велес, Свети Николе и Росоман“**

Член 1

Во Одлуката за финансиско учество во проект „Подобрување на инфраструктурата поврзана со туризмот и спортот, преку реконструкција на паркови и изградба на спортски центри во општините Велес, Свети Николе и Росоман“ („Службен гласник на Општина Велес“ бр.7/22) во членот 2 во алинеја 1 по зборовите „Младински парк“ се додаваат зборовите „во износ од 3.164.500,00 денари со ДДВ“.

Во алинеја 2 по зборовите „Дворови“ се додаваат зборовите „во износ од 4.489.097,00 денари со ДДВ“.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 25-2554/8
29.05.2023 година
Велес

Претседател
на Советот на Општина Велес
Зоран Љутков с.р

**Бр.453**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 03/09, 18/10, 15/14, 15/18,06/19 и 08/21),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување Одлука за усвојување Локален акциски план за ромите во Општина Велес за период од 2023 и 2026 година**

Се објавува Одлуката за усвојување Локален акциски план за ромите во Општина Велес за период од 2023 и 2026 година, што Советот на Општина Велес ја донесе на седницата одржана на 26.05.2023 година.

Број 08-2572/8
30.05.2023 година
Велес

Градоначалник
на Општина Велес
Марко Колев с.р

Врз основа начлен 22 став 1 точка 7 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02), член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Сл.гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 3/09, 18/10,15/14, 15/18, 6/19 и 8/21),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 26.05.2023 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за усвојување Локален акционен план за Ромите на Општина Велес за периодот 2023-2026 година**

**Член 1**

Со оваа Одлука се усвојува Локален акциски план за Ромите на Општина Велес за периодот 2023-2026 година.

**Член 2**

Локалниот акциски план за Ромите на Општина Велес за периодот 2023-2026 година претставува стратешки документ за идентификувани потреби, решенија, цели и приоритети, со градење на систем за промовирање на добро управување на локалната самуправа и зајакнување на капацитетите на ромската заедница на локално ниво.

**Член 3**

Локалниот акционен план за Ромите на Општина Велес за периодот 2023-2026 година е стратешка рамка која ќе се имплементира преку Годишен оперативен план, засебно за секоја календарска година.

**Член 4**

Се задолжува Општина Велес при изготвувањето и реализацијата на програмите за активностите на општината во сите области каде има надлежности, да ги земе во предвид приоритетите содржани во овој документ.

**Член 5**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 25-2554/9
29.05.2023 година
Велес

Претседател
на Советот на Општина Велес
Зоран Љутков с.р

**Бр.454**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 03/09, 18/10, 15/14, 15/18,06/19 и 08/21),
Градоначалникот на Општина Велес донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување Заклучок за донесување Програма за изменување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на заштитата на животната средина во 2023 година**

Се објавува Заклучокот за донесување Програма за изменување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на заштитата на животната средина во 2023 година, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 26.05.2023 година.

Број 08-2572/9
30.05.2023 година
Велес

Градоначалник
на Општина Велес
Марко Колев с.р

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ”бр.5/02) и член 45, став 1, од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес”бр.12/06,3/09, 18/10, 15/14 ,15/18и 08/21),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 26.05.2023 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за донесување на Програма за изменување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на заштитата на животната средина во 2023 година**

1.Советот на Општина Велесја донесе Програмата за изменување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на заштитата на животната средина во 2023 година.

2.Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавување во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 25-2554/10
29.05.2023 година
Велес

Претседател
Советот на Општина Велес
Зоран Љутков с.р

Врз основа на член 22, став 1, точка 2 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ“ бр. 05/02), и член 45, став 1, од Статутот на Општина Велес („Сл. гласник на Општина Велес“ бр. 12/06, 03/09, 18/10, 15/14, 5/18) и член 145 од Деловникот на Општина Велес (“Службен гласник на Општина Велес бр. 12/06, 03/09, 18/10, 15/14, 15/18, 06/19 и 08/21),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 26.05.2023 година, донесе

**ПРОГРАМА**
**за изменување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на заштитата на животната средина во 2023 година**

1. Во Програмата за активностите на Општина Велес во областа на заштитата на животната средина во 2023 година („Сл.гласник на Општина Велес“ бр. 19/22) се врши изменување и тоа:

Во Глава II. Активности, точка 2. алинеја 2. “Стратегиска оцена на влијание врз животата средина во постапките за донесување на урбанистичка планска документација” се брише во целост.

Во Глава II. Активности, точка 4. алинеја 2. “Чистење на диви депонии” се брише во целост.

Во Глава II. Активности, во табеларниот приказ во колона Р10 “Заштита на животната средина и природата”, износот од “3.476.000“ се брише и се заменува со износ од “2.896.000“.

Во Глава II. Активности, во табеларниот приказ во колона Р10 во точка 2. се брише 3(три) стратегиски оценки за нови локации предвидени за поставување на фотовлтаици. Во предвидени средства износот од “370.000” се брише и се заменува со износ од “190.000”.

Во Глава II. Активности, во табеларниот приказ во колона Р10 точка 3 –Чистење на диви депонии се брише во целост.

Во Глава II. Активности, во табеларниот приказ колона РА0, се додава нова точка “Набавка и поставување на садови за хортикултурно уредување.” Во предвидени средства се додава износ од“400.000”.

Во Глава II. Активности, во табеларниот приказ во колона РА0 “Заштита на животната средина и природата (капитални расходи)”, износот од “5.400.000“ се брише и се заменува со износ од “5.800.000“.

Во Вкупно сумата од “8.876.000“ се намалува и гласи “8.696.000“.

2. Оваа Програма влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

| | **Проект** | **Предвидени средства (мкд)** |
|---|---|---|
| **P10** | **Заштита на животната средина и природа** | **2.896.000** |
| 1 | Анализи на квалитет на водите | 56.000 |
| 2 | Проектна документација за животна средина<br>-(10 елаборати)<br>- 3 (три) стратегиски оценки за нови локации предвидени за поставување на фотоволтаици (ГРООТ, рид св.Илија)<br>-проектна документација за изградба на подземни контејнери (3 локации) | 100.000<br><br>0.000<br><br>90.000 |
| 3 | Чистење на диви депонии – дел од Годишна програма за управување со отпад | 0.000 |
| 4 | Субвенционирање на физички лица за купен велосипед и купен инвертор – дел од План за квалитет на амбиентниот воздух | 650.000 |
| 5 | Набавка на материјал за хортикултурно уредување и пошумување | 1.500.000 |
| 6 | Оперативен план за заштита и спасување од штетно дејство на водите | 500.000 |
| **PA0** | **Заштита на животната средина и природа (капитални расходи)** | **5.800.000** |
| 1 | Набавка на опрема за одржување на јавна чистота и управување со отпад | 3.600.000 |
| 2 | Подигнување на нови зелени површини, пошумување и уредување на запуштени зелени површини – согласно Оперативна програма за реконструкција и подигање на нови зелени површини | 1.800.000 |
| 3 | Набавка и поставување на садови за хортикултурно уредување | 400.000 |
| **ВКУПНО:** | | **8.696.000** |

Број 25-2554/10
29.05.2023 година
Велес

Претседател
на Советот на Општина Велес
Зоран Љутков с.р

**Бр.455**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 03/09, 18/10, 15/14, 15/18,06/19 и 08/21),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување Заклучок за донесување Програма за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на евроинтеграциите и локалниот економски развој во 2023 година**

Се објавува Заклучокот за донесување Програма за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на евроинтеграциите и локалниот економски развој во 2023 година, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 26.05.2023 година.

Број 08-2572/10
30.05.2023 година
Велес

Градоначалник
на Општина Велес
Марко Колев с.р

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ”бр.5/02) и член 45, став 1, од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес”бр.12/06,3/09, 18/10, 15/14 ,15/18и 08/21),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 26.05.2023 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за донесување на Програма за изменување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на евроинтеграциите и локалниот економски развој во 2023 година**

1.Советот на Општина Велесја донесе Програмата за изменување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на евроинтеграциите и локалниот економски развој.

2.Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавување во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 25-2554/11
29.05.2023 година
Велес

Претседател
на Советот на Општина Велес
Зоран Љутков с.р

Врз основа на член 22 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02) и член 45 став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес бр.12/06, 3/09, 18/10, 15/14, 15/18, 6/19 и 8/21), а по предлог на Градоначалникот на Општина Велес,

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 26.05.2023 година ја донесе следната

**ПРОГРАМА**
**за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на евроинтеграциите и локалниот економски развој во 2023 година**

Член 1

Во Програмата за активностите на Општина Велес во областа на евроинтеграциите и локалниот економски развој во 2023 година („Службен гласник на Општина Велес” бр.19/22 и 7/23 ), во дел „6. БУЏЕТ“, во табелата, во реден број 1, во колоната „Буџет на Општина Велес МКД“, износот „2,216,792.00“ се заменува со износот „1.500.000,00“.

Во реден број 1, во колоната „Вкупно МКД“ износот „38,212,109.00“ се заменува со износот „37.495.317,00“.

Во реден број 3, во колоната „Буџет на Општина Велес МКД“, износот „1,604,778.00“ се заменува со износот „1.521.282,00“.

Во реден број 3, во колоната „Вкупно МКД“ износот „1,604,778.00“ се заменува со износот „1.521.282,00“.

Во реден број 8, во колоната „Буџет на Општина Велес МКД“, износот „1,226,239.29“ се заменува со износот „1.051.239,00“.

Во реден број 8, во колоната „Надворешни фондови МКД“ износот „1,226,239.29“ се заменува со износот „1.051.239,00“.

Во реден број 8, во колоната „Вкупно МКД“ износот „2,452,478.58“ се заменува со износот „2.102.478,00“.

Во реден број 9, во колоната „Буџет на Општина Велес МКД“, износот „630,975.00“ се заменува со износот „605.975,00“.

Во реден број 9, во колоната „Надворешни фондови МКД“ износот „630,975.00“ се заменува со износот „605.975,00“.

Во реден број 9, во колоната „Вкупно МКД“ износот „1,261,950.00“ се заменува со износот „1.211.950,00“.

По реден број 13 се додава нов реден број „14“ кој гласи:

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 14 | Предфинасирање/финасиско учество на инвестиција за реализација на одобрени проекти финансирани од надворешни извори | 9.000.000,00 | 0,00 | 9.000.000,00 |

Во редот „Вкупно“, во колоната „Буџет на општина Велес МКД“ износот „19,308,961“ се заменува со износот „27.308.673,00“.

Во редот „Вкупно“, во колоната „Надворешни фондови МКД“ износот „66.077.492,00“ се заменува со износот „65.877.492,00“.

Во редот „Вкупно“, во колоната „Вкупно МКД“ износот „85.386.454,00“ се заменува со износот „93.186.165,00“.

Член 2

Оваа Програма влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 25-2554/11
29.05.2023 година
Велес

Претседател
на Советот на Општина Велес
Зоран Љутков с.р

**Бр.456**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес" бр.12/06, 03/09, 18/10, 15/14, 15/18,06/19 и 08/21),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

**ЗАКЛУЧОК**
**за објавување Заклучок за донесување План за програми за развој за Реконструкција на дел од улиците Петре Прличко, Кресненско востание и Нада Бутникошарова**

Се објавува Заклучокот за донесување План за програми за развој за Реконструкција на дел од улиците Петре Прличко, Кресненско востание и Нада Бутникошарова, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 26.05.2023 година.

Број 08-2572/11
30.05.2023 година
Велес

Градоначалник
на Општина Велес
Марко Колев с.р

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ" бр.5/02), член 45, став 1 и член 49 од Статутот на Општина Велес („Сл.гласник на Општина Велес" бр.12/06, 03/09, 18/10,15/14, 15/18, 06/19 и 08/21),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 26.05.2023 година, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**за донесување План за програми за развој за реконструкција на дел од улиците Петре Прличко, Кресненско востание и Нада Бутникошарова**

1.Советот на Општина Велес го донесе Планот за програми за развој за реконструкција на дел од улиците Петре Прличко, Кресненско востание и Нада Бутникошарова.

2.Овој Заклучок влегува во сила со денот на донесување.

Број 25-2554/12
29.05.2023 година
Велес

Претседател
на Советот на Општина Велес
Зоран Љутков с.р

**Образец В 1**

## ПЛАН НА ПРОГРАМИ ЗА РАЗВОЈ

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Име на буџетска програма** | Капитални расходи за други комунални услуги | **Ознака на буџетска програма** | ЈЛ |
| **Развојна потпрограма** | Реконструкција на дел од улиците Петре Прличко, Кресненско востание и Нада Бутникошарова | **Ознака на развојна потпрограма** | ЈЛВ |
| **Лице за контакт** | Снежана Дервишова и Веса Смилева | **Тел. и телефакс** | 043-232-406 |
| **Функција:** | советници за изградба и одржување на комунална инфраструктура | **Е-маил** | snezana.dervisova@veles.gov.mk vesa.smileva@veles.gov.mk |
| **Адреса:** | ул.Панко Брашнар бр.1, Велес | | |

| | **ОПИС** |
|---|---|
| **Цели на развојната потпрограма (идентификација на цели кои ќе се постигнат со реализација на развојната потпрограма)** | Општа цел: Подобрување на уличната инфраструктура околу новоизградениот градски пазар и создавање услови за непречен пристап на граѓаните, трговците и дистрибутерите до пазарот.<br><br>Специфична цел 1: Подобрување на условите за работа на новоизградениот градски пазар преку реконструкција/ изградба на нова улична инфраструктура во вкупна должина од 665 метри за период од 24 месеци со почеток на отплата во декември 2023 и завршување со отплата ноември 2025 година.<br><br>Спцифична цел 2: Подобрување на безбедноста на учесниците во сообраќајот за најмалку 5% во однос на предпроектната фаза.<br><br>Со проектот ќе се создадат услови за нормално функционирање на улиците околу градскиот пазар оштетени при водење на колекторот и приклучување на новоизградениот објект на комуналната инфраструктура (довод, одвод, електрика и др.) . Со реконструкција на улиците и пешачките патеки како и паркинзите околу пазарот ќе се добие нов лик на просторот околу градскиот пазар соодветен за потребите на трговците и граѓаните од Велес и Вардарскиот пласки регион кои го користат пазарот. |

| | |
|---|---|
| **Планирани активности** | Програмата ги предвидува следните планирани активности:<br><br>А.1.1 Реконструкција на улица „Петре Прличко“, во должина од 221,26 метри<br>А. 1.2 Реконструкција на улица „Кресненско востание“, во должина од 104,42 метри<br>А.1.3 Реконструкција на улица „Нада Бутникошарова“ во д олжина од 161,56 метри и реконструкција на пешачка улица во должина од 177,62м |
| **Очекувани резултати / ефекти** | **Очекувани резултати:**<br>Р.1 Изградени вкупно 665 м, улична инфраструктура околу новоизградениот градски пазар.<br>Р 2 Зголемен број на бизниси во и о колу пазарот за минимум 3% во период од 12 месеци по финализацијата на проектот.<br>Р.3 Подобрена безбедност на учесниците во сообраќајот за најмалку 5% во однос на предпроектната фаза.<br><br>**Очекувани ефекти:**<br>Со реконструкцијата на уличниот систем околу новоиз градениот градски пазар ќе се зајакне локалната економија со обезбедување на непречен пристап до локалните бизниси и ќе се подобри пристапот за граѓаните корисници на услугите на пазарот и трговците. Проектот е од особено значење за решавање на постојниот сообраќаен хаос околу пазарот што значително ќе ја подобри безбедноста на пешаците и сите останати учесници во сообраќајот. |
| **Ризик и претпоставки** | Клучни ризици во фазата на имплементација на проектот се неповолни временски услови кои можат да ја одолговлечат реализацијата на проектот.<br>Мерки за ублажување на ризиците се реорганизација на проектните активности со цел да се реализираат според утврдената временска рамка. |
| **Датум на започнување со имплементација на проектот** | Април 2023 година |
| **Датум на завршување на проектот** | Ноември 2025 година |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Вкупна вредност** | 24.649.735 денари | | | |
| **Име на студија** | ГП - Основен проект за реконструкција на дел од улиците „Петре Прличко“, „Кресненско востание“ и „Нада Бутникошарова“ | | | |
| **Ниво на студија*** | Потребна техничка док ументација ( Основен проект за реконструкција на дел од улиците Петре Прличко, Кресненско востание и Нада Бутникошарова , ревизија, геодетски елаборати, елаборати за заштита на животна средина) | | | |
| **Автор/Фирма, седиште** | ЕКО МАР Инженеринг ДООЕЛ Битола, и АКВА И НЖЕНЕРИНГ и др. | | | |
| **Датум на изготвување на проектна документација** | Април 2023 година | | | |
| **Индикатори** | Број на реконструирани улици<br><br>Должина на реконструиран уличен систем во Метри<br><br>Број на новоотворени бизниси<br><br>Број на случени сообраќајни незгоди/ број на интервенции на сообраќајна полиција и сообраќаен инспектор | | | |

*ДИП=Документ за идентификација на проектот (студија)
ИП = Идеен проект

ГП=Главен проект

ПФС=Пред-физибилити студија
ФС=Физибилит и студија

**ФИНАНСИСКА КОНСТРУКЦИЈА**

| | | Динамика на финансирање | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Извор на финансирање** | **Статус на финансирање*** | **Вкупен износ на проектот во МКД** | **Предвидени заклучно со 31/12/ 2023** | **Предвидени заклучно со 31.12.2024** | **Предвидени заклучно со 31.12.2025** | **Предвидени расходи за 2026** | **Предвидени расходи за 2026** |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 |
| **Буџет (630)** | | 24.649.735,00 | 1.155.000,00 | 12.258.123,00 | 11.236.612,00 | 0,00 | 0,00 |
| **Буџетско учество** | | | | | | | |
| **ДДВ** | | | | | | | |
| **Вкупни донации** | | | | | | | |
| **Име на донатор**** | | | | | | | |
| **Име на донатор**** | | | | | | | |
| **Име на донатор**** | | | | | | | |
| **Вкупни заеми** | | | | | | | |
| **Име на кредитор**** | | | | | | | |
| **Име на кредитор**** | | | | | | | |
| **Име на кредитор**** | | | | | | | |
| **Други извори на финансирање *** (преку Вардарски плански регион, Министерство за локална самоуправа – Биро за регионален развој)** | | | | | | | |
| **Вкупно** | | 24.649.735,00 | 1.155.000,00 | 12.258.123,00 | 11.236.612,00 | 0,00 | 0,00 |

** Ако е С= сигурен, внеси го датумот на потпишување на финансискиот договор или внеси КС = Квази сигурен, (што покажува дека договорот не е сеуште потпишан) или П = преговори (што покажува дека финансиерот е идентификуван и заинтересиран да го поддржи проектот).*

** Тука да се наведат донаторите и кредиторите. Доколку има повеќе донатори или кредитори, да се внесе секој пооделно.
Ако изворот на финансирање е донација од ЕУ, да се наведе дали се работи за ИПА средства

****Да се наведат конкретните сопствени извори на инвеститорот (јавните претпријатија на општината, регионални центри, невладини организации и др.)*

Број 25-2554/12
29.05.2023 година
Велес

Претседател
на Советот на Општина Велес
Зоран Љутков с.р

**Бр.457**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 03/09, 18/10, 15/14, 15/18,06/19 и 08/21),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување Заклучок за донесување Програма за изменување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на уредување на градежно земјиште во 2023 година**

Се објавува Заклучокот за донесување Програма за изменување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на уредување на градежно земјиште во 2023 година, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 26.05.2023 година.

Број 08-2572/12
30.05.2023 година
Велес

Градоначалник
на Општина Велес
Марко Колев с.р

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ”бр.5/02) и член 45, став 1, од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес”бр.12/06,3/09, 18/10, 15/14 ,15/18и 08/21),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 26.05.2023 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за донесување на Програма за изменување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на уредување на градежно земјиште во 2023 година**

1.Советот на Општина Велесја донесе Програмата за изменување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на уредување на градежноземјиште во 2023 година.

2.Овој Заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 25-2554/13
29.05.2023 година
Велес

Претседател
на Советот на Општина Велес
Зоран Љутков с.р

Врз основа на член 22 став 1 точка 4 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ" бр.5/02), член 95, став 1 од Законот за градежно земјиште („Службен весник на Република Македонија" бр. 15/15, 98/15, 193/15, 226/15, 31/16, 142/16 и 190/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 275/19), а согласно Правилник за степенот на уредувањето на градежното земјиште со објекти на комуналната инфраструктура и начинот на утврдување на висината на трошоците за уредувањето во зависност од степенот на уреденост („Сл. весник на РМ" бр. 193/16 и 72/2018 ), и член 45, став 1, од Статутот на Општина Велес („Сл. гласник на Општина Велес" бр.12/06, 3/09,18/10, 15/14, 15/18, 06/19 и 08/21), а по предлог на Градоначалникот на Општина Велес,

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 26.05.2023 година, донесе

**П Р О Г Р А М А**
**за изменување на Програмата за уредување на градежно земјиште на просторот на Општина Велес за 2023 година**

1.Во Програмата за уредување на градежното земјиште на просторот на Општина Велес за 2023 година („Службен гласник на Општина Велес" бр.19/22и 03/23) се вршат следните изменувања:

- **во табелата Расходи со средства од Буџетот на општина Велес**,

Во програма за уредување на градежно земјиште на просторот на Општина Велес во 2023 година, вкупниот износ 115.268.254,00 денари се брише и се заменува со 150.581.542,00 денари.

Во подпрограма Ф Урбано планирање износот 11.800.000,00 денари се брише и се заменува со 15.300.000,00 денари.

Во подпрограма Ф30 Уредување на простор во рурални подрачја, износот 8.000.000,00 денари се брише и се заменува со 10.000.000,00 денари.

Во точка 1 Асфалтирање или бетонирање на улици во рурални подрачја износот 8.000.000,00 денари се брише и се заменува со 10.000.000,00 денари.

Во подпрограма ФА0 Уредување на градежно земјиште (капитални трошоци), износот 2.000.000,00 денари се брише и се заменува со 3.500.000,00 денари.

Во точка 1 Изработка на студии, инвестиционо техничка документација, проектирање на објекти од високо и ниско градба, паркинзи, катни гаражи, сообраќајни студии и др.износот 1.500.000,00 денари се брише и се заменува со 3.000.000,00 денари.

Во подпрограма Ј Комунални дејности износот 103.468.254,00 денари брише и се заменува со 135.281.542,00 денари.

Во подпрограма ЈН0 Урбана опрема (капитални расходи), износот 4.000.000,00 денари се брише и се заменува со 8.500.000,00 денари.

Во точка 1 Набавка на нова урбана опрема и поставување на детски реквизити на локација спрема ДОЗ, на локација непосредно до Автобуска станица и др. се менува текстот и гласи "Набавка на нова урбана опрема и поставување на детски реквизити во урбани и рурални средини на територија на Општина Велес".) износот од 3.500.000,00 денари се брише и се заменува со 7.000.000,00 денари.

Во точка 2. Ракохвати и огради во високите зони од градот се менува текстот и гласи "Ракофати и огради на територија на Општина Велес" износот од 300.000,00 денари се брише и се заменува со 1.300.000,00 денари.

Во подпрограма Ј30 Јавно осветлување, износот 23.200.000,00 денари се брише и се заменува со 30.050.000,00 денари.

Во точка 1 Потрошена електрична енергија, износот 20.000.000,00 денари се брише и се заменува со 25.000.000,00 денари.

Во точка 5 Новогодишно украсување, износот 500.000,00 денари се брише и се заменува со 2.500.000,00 денари.

Во точка 6 Дислокација на ормари надвор од трафостаница, износот 300.000,00 денари се брише и се заменува со 150.000,00 денари

Во подпрограма ЈА0 Изградба на јавно осветлување, износот 2.900.000,00 денари се брише и се заменува со 2.950.000,00 денари.

Во точка 1 Проширување на мрежа на улично осветлување на територија на Општина Велес, износот 1.500.000,00 денари се брише и се заменува со 750.000,00 денари.

Во точка 2 Реконструкција на мрежа (пратење на изградба на мрежи од страна на ЕВН), износот 500.000,00 денари се брише и се заменува со 300.000,00 денари.

Во точка 3 Осветлување во Индустриски зони и сателитски населби, износот 300.000,00 денари се брише и се заменува со 100.000,00 денари

